„PHILOLOGICAL STUDIES“ – Славистичко меѓународно интердисциплинарно списание од областа на хуманистичките науки

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за македонска литература – Скопје

***Philological Studies,* Vol. XXIV No. 1 (2026)**



Главен уредник

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева – Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија

Извршен уредник:

д-р Тамара Ќупева – Институт за македонска литература. Скопје, Северна Македонија

Уредувачки одбор

проф. д-р Ивица Баковиќ – Факултет за хуманистички и општествени науки, Универзитет во Загреб, Хрватска

д-р Бојан Чолак – Институт за литература и уметност, Белград, Србија

д-р Нина Дитмајер-Прандо – Институт за словенечка литература и литературни студии, Љубљана, Словенија

проф. д-р Роберт Ходел – Институт за славистички студии, Универзитет во Хамбург Германија

проф. д-р Бранко Тошовиќ – Институт за славистички студии, Универзитет „Карл-Франц“ во Грац, Австрија

проф. д-р Оксана Микитенко – Институт за: уметнички студии, фолклор и етнологија „Максим Рилски“, Национална академија на науки на Украина, Киев, Украина

СОДРЖИНА / CONTENT

Предговор (мк) 17

Preface (en) 18

Предговор (ср) 19

Predgovor (sl) 20

Predgovor (hr) 21

Филозофски и културолошки проблеми / Philosophical-Cultural Problems

Влатко Деловски / Vlatko Delovski

ТЕЛОТО КАКО „ЛОГОС НА ПЕРЦЕПЦИЈА“ /

THE BODY AS LOGOS OF PERCEPTION 25-45

Стефан Марковски / Stefan Markovski

EPIGRAPHIC ILLUSTRATIVE TESTIMONIES/ARTIFACTS FROM THE SITES OF THE VARDAR REGION RELATED TO WINE, GRAPEVINE, AND THE DIONYSIAN /
ЕПИГРАФСКИТЕ СЛИКАРСКИ СВЕДОШТВА/АРТЕФАКТИ ОД ЛОКАЛИТЕТИТЕ ОД ПОВАРДАРИЕТО ПОВРЗАНИ СО ВИНОТО, ВИНОВАТА ЛОЗА И ДИОНИЗИСКОТО 47-65

Катерина Петровска - Кузманова / Katerina Petrovska - Kuzmanova

ДЕМОНСКИТЕ СУШТЕСТВА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ ВЕРУВАЊА /

DEMON CREATURES IN MACEDONIAN FOLK BELIEFS 67-80

Историја и филологија / History and Philology

Давор Јанкулоски / Davor Jankuloski
РАКОПИСОТ НА СЕРАФИМ ДАБИЌ ОД 1873 ГОДИНА – ИЗВОР ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА ТОПОНИМИЈАТА НА СЕЛОТО ОРЛАНЦИ – КИЧЕВСКО /

THE MANUSCRIPT OF SERAFIM DABIĆ FROM 1873 AS A SOURCE FOR THE STUDY OF THE TOPONYMY OF ORLANCI (KIČEVO REGION)..... 83-101

Наталија Поповска / Natalija Popovska
ДИНАСТИЧКИОТ ЛЕГИТИМИТЕТ НА КЛЕОПАТРА ВО ВОЈНИТЕ НА ДИЈАДОСИТЕ /

THE DYNASTIC LEGTIMACY OF CLEOPATRA IN THE WARS OF THE DIADOCHOI 103-121

Јазикот во историско-културолошки контекст (компаративен аспект) / Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

Јана Луческа / Jana Lucheska
МАКЕДОНСКИ, БУГАРСКИ И СРПСКИ ФРАЗЕОЛОГИЗМИ И ПАРЕМИИ СО КОМПОНЕНТА ВОЛК, ВЪЛК, ВУК /
MACEDONIAN, BULGARIAN AND SERBIAN PHRASEOLOGISMS AND PAREMIAE WITH THE COMPONENT WOLF, V`LK, VUK 125-144

Литературата во интеркултурен контекст / Literature in Intercultural Context

Kristina Dimovska / Кристина Димовска
MELANCHOLY IN SELECTED SHORT STORIES BY STEFAN ŻEROMSKI AND SIMON DRAKUL /

МЕЛАНХОЛИЈАТА ВО ИЗБРАНИ РАСКАЗИ ОД СТЕФАН ЖЕРОМСКИ И ОД СИМОН ДРАКУЛ..... 147-167

Александра М. Гецић / Aleksandra M. Gecić
КУЛТУРНИ МОСТОВИ РУСКЕ ЕМИГРАЦИЈЕ: ЖИВОТ И РАД НИКИТЕ САЉНИКОВА У СРБИЈИ /

CULTURAL BRIDGES OF RUSSIAN EMIGRATION : THE LIFE AND WORK OF NIKITA SALNIKOV IN SERBIA 169-187

Neža Kočnik

"DANAS NI KO FČASEH": NAREČNA POEZIJA KOSTELSKEGA POETA IVANA LISACA /

"TODAY ISN'T LIKE IT USED TO BE": DIALECT POETRY BY THE KOSTEL POET IVAN LISAC 189-217

Ана М. Мумовић / Ana M. Mumović

КЊИЖЕВНЕ ТЕМЕ, ПРОБЛЕМИ И АПОРИЈЕ У ТУМАЧЕЊУ ДЕЛА РАДОМИРА ИВАНОВИЋА (У СВЕТЛУ НАУЧНЕ МОНОГРАФИЈЕ МИЛОША ЂОРЂЕВИЋА) /

LITERARY THEMES, PROBLEMS AND APORIAS IN THE INTERPRETATION OF THE WORK OF RADOMIR IVANOVIĆ (IN LIGHT OF THE SCHOLARLY MONOGRAPH BY MILOŠ ĐORĐEVIĆ) 219-243

Современото општество во културата, јазикот и литературата / Modern Society in Culture, Language and Literature

Тијана Балек / Tijana Balek

О (ДАТИВНИМ) КОНСТРУКЦИЈАМА ЕПИСТЕМИЧКЕ ОЦЕНЕ НА МАТЕРИЈАЛУ СРПСКИХ ИНТЕРНЕТ ТЕКСТОВА /

ON (DATIVE) CONSTRUCTIONS OF EPISTEMIC ASSESSMENT IN THE MATERIAL OF SERBIAN INTERNET TEXTS..... 247-269

Vida Davidović

POMORANDŽINA KORA: (ANTI)DIDAKTIČKA POLITIČKA DRAMA I NJENE IDEOLOŠKE IMLIKACIJE /

(ANTI-)DIDACTIC POLITICAL DRAMA AND ITS IDEOLOGICAL IMPLICATIONS 271-287

Александра Ѓуркова / Aleksandra Gjurkova

МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ЈАВНАТА КОМУНИКАЦИЈА / MACEDONIAN LANGUAGE IN PUBLIC COMMUNICATION 289-300

Проучување на говорот и лингводидактика / Speech Studies and Language Didactics

Бојана Мандровска, Магдалена Трајческа, Виолета Јанушева / Bojana Mandrovska, Magdalena Trajčeska, Violeta Januševa

КОХЕРЕНЦИЈАТА ВО ПИСМЕНИТЕ РАБОТИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ /

COHERENCE IN THE MACEDONIAN LANGUAGE WRITTEN ASSIGNMENTS IN PRIMARY EDUCATION 303-315

Биљана Мирчевска-Бошева / Biljana Mirchevska Bosheva

ПРИМЕНА НА КОРПУСИТЕ ВО НАСТАВАТА: СО АКЦЕНТ НА ФРАЗЕМСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ /

THE APPLICATION OF CORPORA IN LANGUAGE TEACHING:WITH A FOCUS ON PHRASEME CONSTRUCTIONS 317-340

Кристина Окуличиуте Микац / Kristina Okuličiute Mikac

СТРУКТУРНЫЕ И ФУНКЦИОНАЛЬНЫЕ ОСОБЕННОСТИ СОВРЕМЕННОГО МОЛОДЁЖНОГО СЛЕНГА И ВОЗМОЖНОСТИ ЕГО ИСПОЛЬЗОВАНИЯ В ПРАКТИКЕ ПРЕПОДАВАНИЯ РКИ (УРОВНИ B1–B2) /

STRUCTURAL AND FUNCTIONAL FEATURES OF CONTEMPORARY RUSSIAN YOUTH SLANG AND ITS APPLICATION IN TEACHING RUSSIAN AS A FOREIGN LANGUAGE (LEVELS B1–B2) 341-359

Рецензии и информации / Reviews and Information

Katarina-Antonia Boras

PRIMIJENJENA LINGVISTIKA DANAS I SUTRA /

APPLIED LINGUISTICS TODAY AND TOMORROW 363-369

Наталија Благојевић / Natalija Blagojević

КЊИЖЕВНОСТ И СТРИП: ИНТЕРМЕДИЈАЛНИ ДИЈАЛОЗИ И НОВИ ТЕОРИЈСКИ ОКВИРИ /

LITERATURE AND STRIP:INTERMEDIAL DIALOGUES AND NEW THEORETICAL FRAMEWORKS 371-373

Elena Pavlović
FENOMENI SNA I PROROŠTVA U FOLKLORNIM ŽANROVIMA: SINTETIČKI UVID U SAVREMENA ISTRAŽIVANJA /

PHENOMENA OF DREAMS AND PROPHECY IN FOLKLORE GENRES: A SYNTHETIC INSIGHT INTO CONTEMPORARY RESEARCH 375-379

Сарита Трајанова / Sarita Trajanova
МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ТАЈНАТА НА ЧОВЕЧКАТА ДУША НИЗ ПРИЗМАТА НА КНИЖЕВНОСТА“ /

INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE "THE SECRET OF THE HUMAN SOUL THROUGH THE PRISM OF LITERATURE" 381-386

UDK: 82.09:159.9(062)

МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ТАЈНАТА НА ЧОВЕЧКАТА ДУША НИЗ ПРИЗМАТА НА КНИЖЕВНОСТА“ (БЕЛГРАД, 28 И 29 ОКТОМВРИ 2025)

Сарита Трајанова
Институт за македонска литература
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ORCID ID: https://orcid.org/0009-0006-5684-4212

INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE "THE SECRET OF THE HUMAN SOUL THROUGH THE PRISM OF LITERATURE" (BELGRADE, OCTOBER 28 AND 29, 2025)

Sarita Trajanova
Institute for Macedonian Literature
“Ss. Cyril and Methodius University”, Skopje
ORCID ID: https://orcid.org/0009-0006-5684-4212

Институтот за македонска литература (ИМЛ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Институтот за книжевност и уметност (ИКУМ) во Белград остваруваат повеќедецениска плодна научна соработка, конкретизирана преку заедничко осмислување и реализација на научноистражувачки проекти и меѓународни конференции на важни теми од областа на книжевноста и на културата. Потсетуваме на објавениот зборник на трудови *Македонскиот и српскиот роман на преминот на новиот милениум (компаративни согледби)* (ИМЛ, 2020), произлезен од заедничката работа на проектот под истиот наслов и од одржаната работилница во Белград (ИКУМ, 23 и 24 октомври 2019), со што се придонесе за поголема рецепција, презентација и афирмација на македонскиот и на српскиот роман во двете книжевни средини. Двете институции соработуваат и во издавањето на меѓународното електронско славистичко списание *Philogical Studies/Филолошки студии*, кое се објавува веќе 23 години (https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies/).

Меѓународната научна конференција „Тајната на човечката душа низ призмата на книжевноста“, којашто се одржа во Белград (ИКУМ, 28 и 29 октомври 2025) беше резултат на истоимениот меѓународен проект, поддржан од Министерството за култура и туризам на РС Македонија. Со овој проект се поставија повеќе цели, кои се исполнија со одржаната конференција преку презентација на истражувањата за душата, како централен и суштествен проблем на бројни книжевни и уметнички дела и како согледување на душевната структура на личноста на индивидуите од тие дела. Исто така, се анализираа сфаќањата за душата во различни книжевни епохи и претставите за душата во различни книжевни жанрови, а и душата се протолкува низ призмата на различни теории од доменот на културологијата, психоаналитиката, филозофијата, религијата итн.

Конференцијата беше отворена со поздравните говори на директорките на двата институти – д-р Светлана Шеатовиќ, од Институтот за книжевност и уметност во Белград, и проф. д-р Наташа Аврамовска, од Институтот за македонска литература во Скопје, по што следеа пригодните обраќања на раководителите на проектот и истовремено копретседатели на Организацискиот одбор – д-р Бојан Јовиќ и проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева. Во работниот дел учествуваа 22 истражувачи од двата институти, при што нивните излагања тематски беа распоредени во шест сесии.

Првата сесија *Душата во средниот век и во фолклорот* ги обедини излагањата на: Милош Живковић (*Кретања и путовања душе у средњовековној апокрифној књижевности*) Маја Јакимовска-Тошиќ (*Спознанието за душата во делото „Лествица“ на Св. Јован Лествичник*) и Славчо Ковилоски (*Душата во кратките жанри во македонскиот и во српскиот фолклор*). Разгледувајќи ја душата во средновековната апокрифна и народна книжевност како апстрактен и истовремено активен и динамичен ентитет, кој е во постојана мисија за преобразување и исцелување, се направи увид во длабоко вкоренетите идеи за животот, смртта и спасението.

Во втората сесија *Душата во книжевните движења и поетичките парадигми* учествуваа: Валентина Миронска-Христовска со *Душевните лавирања на српските и македонските романтичари;* Јана М. Алексиќ со *Именување душом: Појмовник раних критичких текстова Милана Кашанина (1910 – 1918) у епохалном контексту српске модерне;* Бојан Јовиќ со *Питања душе и српска авангарда: Нови човек и нова уметност* и Дарин Ангеловски со *Книжевно-визуелни поетики: движењето на сигнализмот и македонската постмодерна книжевност.* Интересно е што во овие излагања, преку книжевноисториска анализа на поимот душа и нејзините облик, значење и функција, се расветлува всушност одреден период од развојот на книжевноста – романтизам, симболизам, модернизам и авангарда, постмодернизам.

Третата сесија беше посветена на темата *Душата во српско-македонските книжевни паралели*, при што беа анализирани автори и дела, преку кои се согледаа одредени состојби на душата, како: бездушност, малодушност, опсесивност при одземање на сопствениот живот, како и односот тело – душа. Учествуваа: Марина Цветаноска со *Претставите на духовноста/душата во просветителските објави на Доситеј Обрадовиќ и Јоаким Крчовски;* Јасмина Мојсиева-Гушева со *Преплетување на нагонот за живот и смрт во длабоките душевни кризи (врз примери од романите „Уста полна со земја“ на Бранимир Шќепановиќ и „Самоубиецот“ на Слободан Мицковиќ);* Наташа Аврамовска со *Поезијата на Радмила Лазиќ (и) на македонската книжевна и културна сцена.*

Четвртата сесија, насловена *Душата во поезијата и трансцеденцијата* ги опфати излагањата на поетски теми, насочени кон откривањето на сложените врски меѓу духовноста и поезијата, духовното и телесното и кон толкувањето на душата на лирскиот субјект. Во оваа сесија зедоа учество: Светлана Шеатовиќ со *Душа у Богородичиним тропарима из збирке „Четири канона“ Ивана В. Лалића: Онтологија песничке духовности*; Марко М. Радуловиќ со *Душа у новијем песништву Миодрага Павловића;* Соња Стојменска-Елзесер со *Концептуализација и чувствување на душата во лириката на*

Ненад Шапоња; Милица Ђуковић со *Шта српски транссимболизам дугује Грцима: О повести душе у поезији Саше Радојчића.*

Петтата сесија *Душата во интимниот, родовиот и мигрантскиот контекст*, преку анализа на современи романи, беше фокусирана на прашањата за: миграцијата, напуштањето на матичната земја, одвојувањето, припадноста и адаптацијата во новите услови, за душата во меѓупросторот меѓу старите и новите околности. Се проследија излагањата на: Сарита Трајанова со *Мајчинската улога на женските ликови во романите „Враќањето на зборовите“ од Гоце Смилевски и „Мајчината рака“ од Игор Маројевиќ;* Ана Јовковска со *Родова и психолошка перспектива на растењето и траумата во романите „Деца“ од Милена Марковиќ и „Леска Брезоска“ од Симона Јованоска;* Тамара Ќупева со *Душата како алтер-его во расказите на Јелена Ленголд и Румена Бужаровска („Панаѓурскиот магионичар“ и „Мојот маж“)* и Марко Аврамовиќ со *Где се налази душа мигранта? Идентитетска и емотивна лутања у романима „Инсистирање“ Ненада Јовановића и „Скривена камера“ Лидије Димковске.*

Шестата сесија *Душата во психоаналитичко и егзистенцијално огледало* ги поврза излагањата на учесниците Станислава Бараќ со *Роман „Сестра Сигмунда Фројда“ у контексту живота и дела пионирки психоанализе;* Биљана Рајчинова-Николова со *Парадоксалното градење на машкиот стоицизам и емоционалната душевна скржавост и разумност;* Бојан Чолак со *Аутодеструктивност као драма душе у српској прози (1901 –1914): Пример Борисава Станковића* и Марија Грујиќ со *Телесно као чистилиште и оруђе опстанка душе у „Роману о Лондону“ Милоша Црњанског.* Романите, кои беа обработувани, дадоа плодна основа за извлекување сознанија за феминистичката критика и за историјата на психоанализата, за родовоодредените позиции на моќ, за телесноста и за автодеструктивноста, како одговор на културолошкиот раскол меѓу патријархалниот поредок и модерната индивидуалност.

Во рамките на Програмата на конференцијата беа промовирани пет книжевни изданија, поврзани со конференциската тема, односно со поттемите за: траумата, интимата, емотивноста и етиката во македонскиот и во српскиот наратив.

- Тематот *Trauma and Narrative/Траумата и наративот*, списание *Philogical Studies / Филолошки студии / Филолошке студије*, Vol. 22 No. 2 (2024) (промотор доц. д-р Тамара Ќупева); http://www.philologicalstudies.org/index.php/philologicalstudies/en/issue/view/184

- Марија Грујић: *Разуметиˊ Бору Станковића: Проза интимних реалности*. Белград: Институт за књижевност и уметност, 2022 (промотор др Бојан Јовић);

- Зборник на текстови *За душата*. Ур. Јасмина Мојсиева-Гушева, Даниела Тошева, Љупчо Митковски. Скопје: Здружение за компаративна книжевност на Македонија, Здружение на класични филолози „Антика“, Филозофско друштво на Македонија, 2018 (промотор проф. д-р Валентина Миронска-Христовска);

- Неделька Бјелановић: *Наративни сентименти: појмовно одијевање прозне емотивности*. Београд: Институт за књижевност и уметност, 2022 *(*промотор др Јана М. Алексић)

- Монографија *The Ethical and Axiological Aspects in the Literature and Culture of the 20th and 21st Centuries. edited by Maja Jakimovska-Toshikj, Katarina Žeňuchová*. Skopje: Institute of Macedonian Literature, Ss. Cyril and Methodius University, 2021 (промотор проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер)

На крајот од програмата, книжевноста беше поврзана со филмската уметност преку прикажување инсерти од филмови, кои, обработувајќи сурови воени/поствоени случувања, ги отсликуваат душевните страдања и растројства на ликовите, но и нивната надеж за подобра иднина.

- „Слепиот патник на бродот на лудаците“/“Slepi putnik na brodu ludaka” (2016), во режија на Горан Марковиќ и сценарио на Вуле Журиќ https://www.dailymotion.com/video/x9kk4hm

- „Големата Вода“ (2004), во режија на Иво Трајков и сценарио на писателот Живко Чинго (според мотивите на истоимениот роман) https://www.youtube.com/watch?v=tovWwFKzKLg

Учесниците од Македонија го посетија и 68. Меѓународен саем на книгата во Белград, при што набавија научна литература и присуствуваа на промоции на најнови изданија од српската и светската книжевност. Саемот беше место на средба со книжевници и со писатели, меѓу кои и со ценетиот и долгогодишниот соработник и пријател на ИМЛ – проф. д-р Александар Јерков од Филолошкиот факултет при Универзитетот во Белград, директор на Универзитетската библиотека „Светозар Марковиќ“ во Белград – институции со кои ИМЛ исто така остварува научна и библиотечна соработка.

Конференцијата помина во креативна, поттикнувачки творечка и пријателска атмосфера во пријатниот амбиент на Библиотеката на ИКУМ во Белград – во зградата на Фондацијата на Вук Караџиќ. Таа претставуваше можност да се обнови Договорот за научна соработка (потпишан во 2001 и во 2017), со што се потврдија нашите заеднички очекувања – на обострано задоволство на двата сродни научни институти, соработката да се развива и да унапредува преку нови проектни идеи и планови во идниот период. Во тек е заедничката активност околу подготовката на зборникот на трудови, кој ќе се објави во текот на оваа година (2026) во издание на ИКУМ во Белград, а потоа ќе се промовира во двете земји, можеби и во заедничко присуство на сите учесници.